**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6543 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радио дифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 18 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
     „(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
     *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
   - **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
     „(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
     *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
     *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
   - **Член 75-б од Изборниот законик**
     „*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

6. Констатации од надзорот:

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за програмскиот сервис на Трговско радио дифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, кој емитува програма на албански јазик, на регионално ниво (Д8), се однесува на периодот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Во согласност со Методологијата, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии е направена врз деветнаесет изданија на Дневник во 21 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 4 часа 49 минути и 30 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ КОХА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Активности на органите на власт | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:37 | 100.00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:02:37 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| ДИК и други органи | 00:09:08 | 39.34 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:04 | 21.82 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:59 | 4.24 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:20 | 10.05 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:38 | 2.73 | % |
| Беса | 00:02:36 | 11.20 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:38 | 2.73 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:38 | 2.73 | % |
| Влада на РМ | 00:00:36 | 2.58 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:36 | 2.58 | % |
| Вкупно за тема: | 00:23:13 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:46:14 | 17.53 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:43:33 | 16.52 | % |
| Беса | 00:37:36 | 14.26 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:33:11 | 12.59 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:28:02 | 10.63 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:34:31 | 13.09 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:34:10 | 12.96 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:55 | 0.73 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:04:28 | 1.69 | % |
| Вкупно за тема: | 04:23:40 | 100 | % |
| Вкупно: | 04:49:30 | | |

Најголем дел од прилозите во вестите се посветени на изборните кампањи на политичките партии и коалиции. Овој дел од прилозите во кои преку информативни жанрови се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 4 часа 23 минути и 40 секунди (Табела 1). Од овој сегмент од вестите се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Исто така, треба да се има предвид дека ТВ Коха емитува програма на подрачјето на Изборната единица број 6, каде потврдени кандидатски листи имаа 9 учесници во изборната кампања (сите освен Либерална партија и Левица).

Информациите од кампањите на учесниците во изборниот процес распределени по субјекти изгледаат вака: Демократска партија на Албанците - 46 минути и 14 секунди (17,53%); ДУИ – 43 минути и 33 секунди (16,52); Движењето Беса – 37 минути и 36 секунди (14,26%); Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 34 минути и 31 секунда (13,09%); Коалицијата предводена од СДСМ - 34 минути и 10 секунди (12,96%); Коалицијата УНИТЕТИ, ДПА-ДР, НДП - 33 минути и 11 секунди (12,59%); Партија за демократски просперитет - 28 минути и 2 секунди (10,63%); Коалицијата ВМРО за Македонија - 4 минути и 28 секунди (1,69%); и Коалицијата за промени и правда - 1 минута и 55 секунди (0,73%).

Прилозите за другите теми поврзани со изборите, а кои се обработени преку информативни жанрови, претставуваат 23 минути и 13 секунди од вестите (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите за активностите на ДИК, граѓанскиот сектор; други субјекти; амбасадори/меѓународни организации/странски политичари; и неколку прилози во кои се споменуваат учесници во изборниот процес. Информациите во кои субјект е ДИК се поврзани со техничките проблеми на нивниот веб сајт, предавањето на првите финансиски извештаи на партиите, најавата за бројот на набљудувачите на изборниот ден. Странските политичари се присутни во прилогот за почетокот на изборната кампања во кој директно обраќање има амбасадорот на САД во Р.Македонија, Џес Бејли; а и во прилогот за средбата на евроамбасадорот Самуел Жбогар со шефовите на изборните штабови на ДУИ. Во неколку прилози субјект е граѓанскиот сектор кои се однесуваат на барањето на организацијата Еко Герила и неговото прифаќање од политички субјекти од опозицијата (Арта Тоџи - Алијанса за Албанците, Хазби Мамути - Движење Беса, Висар Палоши – ДПА, Зејнулах Салихи - ПДП); и обвинувањата на НВО „Цивил" за прекршувањата за време на изборите кои ги следат 667 странски набљудувачи. Во овој дел од вестите се споменати и дел од партиите и коалициите, освен генерално во најавата за почетокот на изборната кампања и првите активности и за инцидентот во Струмица за време на предизборната кампања и во прилогот за напад на штабот на Беса во Слатино.

За активностите на власта е информирано само во еден прилог во траење од 2 минути и 37 секунди (Табела 1) во врска со барањето, Комисијата за спречување корупција да изврши истрага во врска со активностите на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за претставниците на Демократска партија на Албанците – 29 минути и 9 секунди. Над 17 минути се одвоени и за ДУИ - 25 минути и 49 секунди; за Движењето Беса - 23 минути и 53 секунди; за Коалицијата УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - 20 минути и 38 секунди; и за Партијата за демократски просперитет - 17 минути и 31 секунда. Другите субјекти се застапени со помалку од 10 минути (Табела 2).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ КОХА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:29 | 0.35 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:25:49 | 18.64 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:29:09 | 21.05 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:39 | 6.97 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:20:38 | 14.90 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:07:47 | 5.62 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:17:31 | 12.65 | % |
| Беса | 00:23:53 | 17.25 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:09 | 1.55 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:57 | 0.69 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:28 | 0.34 | % |
| | **Вкупно: 02:18:29** | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

Во анализираниот период емитувани се три изданија на емисијата со наслов *Мејдани* и тоа на 1, 2 и на 6 декември, со почеток во 21 часот и 30 минути.

*Дебатни емисии*

Во емисијата *Мејдани*, на 1 декември 2016 година, во дебатата учествуваат: Зејнулах Салиху од ПДП, Агон Ферати од Алијанса за Албанците, Бајрам Реџепи од ДУИ, Бинас Пајазити од Движењето Беса и Бардхул Амети од ДПА, а зборуваат за изборната кампања, и за начинот на презентација на изборните платформи од учесниците во изборите.

Во емисијата *Мејдани*, на 2 декември, учествуваат: Беким Фазлиу од ДПА, и Хисен Џемаили од ДУИ. Дебатата е фокусирана на 11 декември, денот на гласањето, а гостите ги промовираат и изборните програми на своите партии.

*Интервју*

На 6 декември во емисијата „Мејдани" гостин беше Зиадин Села од Коалицијата Алијанса за Албанците (УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП). Темата беше кампањата на Коалицијата, а се дискутираше и за кампањите на другите политички партии.

***Сектор за програмски работи***